Република Македонија
**Министерство за правда**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

Примено:

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 35 | 220/4 | | |

ДО

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Бр. 07-118/7
Скопје, 22.02.2012год.

Влада на Република Македонија

Министерство за правда - Управа за извршување на санкции

Димитрие Чуповски бр. 9
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3 106 550
Фах. (02) 3 112 723
Сајт: www.pravda.gov.mk

ПРЕДМЕТ: Доставување на Одговор на Нацрт-извештај

ВРСКА: Ваш број 35-220/3 од 18.01.2012 година

Управата за извршување на санкциите во прилог го доставува Одговорот на Нацрт- извештајот за извршената ревизија на успешност - Безбедносни аспекти и услови за престој во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија.

Со почит,

ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА
ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ
Лидија Гаврилоска

# ОДГОВОР НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНАТА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ – БЕЗБЕДНОСНИ АСПЕКТИ И УСЛОВИ ЗА ПРЕСТОЈ ВО КПУ И ВПУ ВО РМ

Управата за извршување на санкциите во врска со забелешките дадени во Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност - Безбедносни аспекти и услови за престој во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија, ги доставува следните забелешки:

Точка 1 – Законска регулатива од обласла, потточка 1.1.

---

Забелешка:
Стратешкиот план на Управата за извршување на санкциите за прв пат е изработен во 2007 година за периодот од 2008-2012 година.
Пред изработувањето на стратешкиот план во 2007 година од страна на Управата беше извршена сеопфатна Анализа на состојбите во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија, со која се детектирани недостатоците и утврдени се приоритетните цели за подобрување на состојбата во затворскиот систем.
Оваа Анализа е основа за изработка на основниот Стратешки план на УИС (2008-2012), кој е среднорочен развоен документ во кој се дефинирани визијата и мисијата на УИС, целите кои треба да се постигнат во сите подрачја од затворскиот систем и активностите кои ке се преземаат за нивно остварување, со што се обезбедува континуитет на реформските процеси во областа за извршување на санкциите.

Како што сте веќе информирани од писмениот одговор кој Ви е доставен, со цел Стратешкиот план на Управата за извршување на санкциите (2008-2012) да кореспондира со актуелната состојба и потреби на затворскиот систем, континуирано, секоја година од неговото донесување се ревидира и надополнува согласно степенот на реализација на предвидените активности и новите потреби утврдени од страна на Управата за развој на пенитенцијарниот систем.

Во таа смисла, Ве информираме дека при ревидирањето и дополнувањето на Стратешкиот план на УИС кое се врши секоја година од неговото донесување не се зема истиот основ - Анализа на состојбите во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија, како што е наведено во Нацрт извештајот доставен од Ваша страна, туку сите ревидирања и дополнувања на

Стратешкиот план се извршени согласно новите потреби утврдени од страна на Управата за развој на пенитенцијарниот систем.

Имено, Управата за извршување на санкциите континуирано врши утврдување на состојбата во затворскиот систем со надзор и контрола над работењето во казнено-поправните установи преку редовните стручно-инструкторски надзори (кои се вршат секоја година во сите казнено-поправни установи), контролните надзори (со кои се врши проверка дали е постапено по насоките и укажувањата дадени при редовните надзори) и вонредните надзори кои се вршат секогаш кога за тоа е утврдена потреба согласно поднесени претставки и поплаки за работењето во установите.

Во зависност од утврдените состојби за областите каде што се утврдени недостатоци од страна на УИС се прават истражувања и анализи за утврдување на потребните активности за надминување на проблемите и недостатоците во работењето на казнено-поправните установи.

Имено, во 2009 година беше направена Анализа на состојбата на процесот на ресоцијализација на осудените лица во казнено- поправните установи од аспект на бројот на вработени и стручната подготовка на вработените во секторите за резсоцијализација, меѓусекторската соработка во установите и соработката која се остварува со надворешни институции кои се вклучени во процесот на ресоцијализација на осудените лица (како што се судовите, центрите за социјална работа, народниот правобранител и слично), и правната рамка со која се регулира процесот на ресоцијализација на осудените анализа. Во рамките на проценката на состојбата изработена е SWOT- анализа која претставува самооценување на човечките, просторните и материјалните ресурси на КПУ, како и на постоечката правна рамка во Република Македонија.
SWOT-анализата укажа на тоа што треба да се преземе да се подобрат силните страни, да се елиминираат слабите страни, да се остварат предизвиците и да се оневозможат заканите или во најмала мера де се намали нивното влијание.
Оваа анализа е составен дел на Стратегијата за ресоцијализација и социјална адаптација на осудените лица кои издржуваат казна затвор (2010-2012), за која сте веќе информирани и која Ви е дадена во прилог.
Врз основа на направената анализа и оваа Стратегија извршени се и определени промени и дополнувања во Стратешкиот план на УИС во текот на 2010 и 2011 година.

2

Истовремено, како што сте веќе информирани во доставениот писмен одговор во насока на унапредување на процесот на извршување на санкциите, од страна на експерти од Советот на Европа и Европската Агенција за развој, беше спроведена експертиза за утврдување на недостатоците на Законот за извршување на санкциите во насока на усогласување со меѓународните прописи и стандарди од областа на човековите права. Согласно експертизата беше изготвен и донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите (Сл.весник бр.57 од 26.04.2010 година), кој беше основа за ревидирање и дополнување на Стратешкиот план на УИС во текот на 2010 и 2011 година.

Исто така, за пооделните подрачја каде што при извешените надзори спроведени од страна на УИС беа детектирани недостатоци извршени се посебни истражувања и анализи како што се:

- Анализа на резултатите од проверка на знаењата на вработените во казнено поправните и воспитно-поправните установи (направена врз основа на тестирањето со кое беа опфатени сите вработени во установите)
- Анализа на состојбата на образовниот процес во казнено-поправните и воспитно-поправните установи
- Анализа за примената на условниот отпуст (изработена врз основа на податоците за условен отпуст добиени од установите за бројот на уважени молби за условен отпуст од осудените лица и предлози за условен отпуст на осудените лица поднесени од директорите на установите)
- Анализа на состојбата на ВПД Тетово во кој малолетните лица издржуваат воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом

Согласно Годишниот план за работа на УИС за 2012 годинак, кој Ви е даден во прилог, во тек е спроведување на истражување и подготовка на:

- Анализа на севкупната евиденција која се води во казнено -поправните установи и
- Анализа за начинот на постапувањето на казнено-поправните по поднесените претставки и поплаки од страна на осудените лица.

Извршувањето на санкции е сложен систем составен од голем број компоненти и во таа смисла сеопфатно истражување и анализа на целиот затворски ситем е невозможно да се прави секоја година, како што е наведено во препораката во Нацрт извештајот.

Од друга страна визијата и мисијата како и приоритетните цели за подобрување на затворскиот систем со кој се определени и клучните реформски активности на Управата за извршување на санкциите се долгорочни активности за кои треба да

се обезбеди континуитет и во таа смисла нема можност да се менуваат од година за година.

Севкупна анализа на состојбата на пенитенцијарен систем во Република Македонија ќе биде изработена во текот на 2012 година преку ИПА Програмите, во рамките на Проектот 2009, во кој се обезбедени средства од 2.100.000,00 евра, со кои меѓудругото, се поддржува изработка на Национална Стратегија за развој на затворскиот систем во Република Македонија 2013-2016). Со Националната Стратегија како што сте веќе информирани ќе се направи севкупна анализа на состојбата на пенитенцијарен систем во Република Македонија, односно ќе се идентификуваат позитивните и негативните аспекти на неговото функционирање и врз основа на постоечката состојба ќе се постават конкретни цели и ќе се понудат реални решенија за подобрување на целокупното функционирање на затворскиот систем во Република Македонија. Поточно, Националната стратегија ќе опфати анализа на мрежата на казнено-поправни и воспитно-поправни установи, видовите на организационата поставеност и функционирањето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи, упатувањето на осудените лица на издржување на казна затвор, утврдување на надлежноста на Министерството за здравство врз здравствените работници кои работат во казнено-поправните установи, како и утврдување на надлежноста на Министерството за образование во делот на организацијата и финансирањето на образованието во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Точка 1 – Законска регулатива од областа, потточка 1.2.

---

Областа на извршувањето на санкциите е регулирана со Законот за извршување на санкциите од 2006 година, и со Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите (Сл.весник бр.57 од 26.04.2010 година).
Со оглед на тоа што Законот за извршување на санкциите е донесен во 2006 година која беше изборна година, во која после изборите дојде до промена на Власта, подзаконските акти предвидени во Законот не беа донесени во рок од шест месеца од денот на неговото влегување во сила, како што е утврдено во завршните одредби. По формирањето на Владата на Република Македонија и именување на Директор на Управата за извршување на санкциите, во 2007 година се формираа работни групи и најголемиот дел од предвидените општи акти (девет поддзаконски акти) беа донесени во 2007 година што може да се види од

Прегледот на подзаконски акти кој Ви е доставен, три се донесени во 2008 година и еден во 2009 година.

Од предвидените подзаконски акти во Законот за извршување на санкциите од 2006 година, само Правилникот за соработник на правдата е донесен во 2010 година. Ова од причини што со овој правилник се регулира специфична област за што беше потребно најпрвин да се обезбеди експертска помош во оваа област. Од страна на Управата преку посебен проект до Европската комисија беше обезбедена помош од експерт за соработници на правдата кој изврши посета на Република Македонија, по што беше формирана посебна работна група која го изработи овој Правилник.

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите (Сл.весник бр.57 од 26.04.2010 година) даден е законски основ за донесување на правилници кои не беа предвидени со Законот од 2006 година како што се:

- Правилник за Куќен ред за извршување на мерката притвор во притворските одделенија на затворите;
- Правилник за вршење на стручно-инструкторски надзор во КПУ и ВПУ;
- Правилник за начинот на користење на погодностите на осудените лица кои издржуваат казна затвор;

За изработка на горенаведените подзаконски акти во текот на 2010година формирани се посебни работни групи составени од претставници на Управата за извршување на санкциите и претставници од казнено – поправните установи, со цел создавање на унифицирани критериуми за третман на осудените лица без разлика во која установа издржуваат казна затвор, правилниците се изработени и веќе се стапени во сила.

Покрај донесените акти предвидени во Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите од 2010 додина, во текот на 2010 и 2011 година изменети се и веќе постоечките правилници и упатства со цел нивно усогласување со новите критериуми и методи на постапување со што во значителна мера ќе се подобри работењето на секторот за ресоцијализација и секторот за обезбедување во казнено-поправните установи што во крајна мера ќе резултира со подобрување на третманот на осудените лица.

5

Точка 1 – Законска регулатива од областа, потточка 1.3.

---

Трошоците за спровод на осудени и притворени лица се дел од трошоците на кривичната постапка. Трошоците на кривичната постапка се издатоците направени по повод кривичната постапка, од нејзиното поведување до нејзиното завршување и издатоците за преземени истражни дејствија пред истражната постапка. Во трошоците на кривичната постапка спаѓаат и превозните трошоци на обвинетиот. Согласно Законот за кривична постапка (кој е lex generalis) овие трошоци се исплатуваат од лицата кои се должни да ги надоместат трошоците според одредбите на овој закон.

Како што е констатирано и од ваша страна постои неусогласеност во законските прописи бидејќи во член 69 од ЗИС е предвидено дека трошоците за спровод на осудени и притворени лица паѓаат на товар на казнено-поправните и воспитно-поправните установи. Во таа насока, во целост се согласуваме со вашите забелешки и Управата за извршување на санкциите смета дека е неоходна интервенција во законските прописи со цел надминување на овој проблем. Во план е да се направат неколку измени и дополнувања на Законот за извршување на санкциите при што задолжително ќе се изврши усогласување на Законот за извршување на санкциите со Законот за кривичната постапка.

Истовремено, ве известуваме дека Управата за извршување на санкциите ги задолжи директорите на сите установи заедно со претседателите на судовите да остварат средба со цел да се најде заедничко решение за надминување на овој проблем.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.1.

---

Со оглед дека КПУ и ВПУ се корисници од втора линија, Управата за извршување на санкциите на почетокот на годината ги распоредува финансиските средства за материјални трошоци по КПУ и ВПУ. Аналогно, финансиските средства за расходната ставка 424-поправки и тековно одржување КПУ и ВПУ ја знаат на почетокот на годината. Притоа, потребно е да ги планираат средствата на ставката меѓудругото и за поправки и одржување на опремата.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.3.

---

Во насока на зголемување на екипираноста на затворскиот персонал Управата за извршување на санкциите континуирано презема мерки и активности.

Сметаме дека е потребно доекипирање на затворскиот персонал во сите сектори, меѓутоа со антикризните мерки кои ги воведе Владата на РМ поради светската економска криза дојде до одложување на некои проекти.

Согласно на антикризните мерки се забранети новите вработувања во јавниот сектор, вклучително и за трајно испразнетите места. Меѓутоа поради актуелните состојби во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, со Заклучок на Владата на РМ направен е исклучок од донесените антикризни мерки и во казнено-поправните установи се одобруваат согласности за вработување само по основ на трајно испразнети места (пензионирање, раскинување на договор, отказ и сл).

Со цел кадровското екипирање во установите посебно за Затвор Куманово, доставено е барање до Министерството за информатичко општество и администрација за преземање на вработени од други буџетски корисници.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.4.

---

Во однос на изготвените интерни акти за систематизација на КПД Идризово и Затвор Скопје, во делот на предвидените посебни услови, известуваме дека беше неоходно да се остави поголем простор со цел сите вработени (освен вработените во стопанските единици) да можат да добијат статус на државни службеници. Доколку не беа предвидени посебни услови кои ќе бидат прилагодени спрема образованието и работното искуство на постоечкиот кадар во овие установи на многу од вработените можеше да им престане работниот однос. Вработените кои имаат завршено технички или природни науки гледано според природата на работата во затворите би биле несоодветни без оглед дали ќе бидат распоредени во Сектор за ресоцијализација, Сектор за обезбедување, Управно-финасиски сектор и сл. Доколку не се направеа отстапки, овие вработени можеа да се соочат со отказ. Во услови на недоволна екипираност на затворите сметаме дека е потребно да се задржи постоечкиот кадар бидејќи повеќето од нив се со долгогодишно работно искуство во установите и се добро упатени во работата. Истовремено, сметаме дека со соодветни континуирани обуки на вработените ќе

дојде до унапредување на навините знаења и вештини што ќе допринесе за правилно, професионално и совесно извршување на поставените цели и задачи.

Меѓутоа, во насока на подобрување на правилниците за систематизација на работните места во КПД Идризово и Затвор Скопје, ве известуваме дека истите ќе бидат разгледани и каде постои можност ќе бидат направени соодветни измени и корекции.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.6.

---

Во однос на утврдување на надоместокот на осудените лица кои се работно ангажирани во и надвор од установата, Управата за извршување на санкциите ве известува дека од наша страна се детектирани недостатоците и потребата од воспоставување од унифицирани критериуми при утврдување на висината на надоместокот на работно ангажираните осудени лица. Земајќи ја во вид неопходноста од воспоставување на точно дефинирани критериуми за утврдување на висината на надоместокот, во Годишниот План за работа на Управата за извршување на санкциите за 2012 година, предвидена е активност која се однесува на изготвување на Упатство за утврдување на висината на надоместокот на осудените лица кои се работно ангажирани во и надвор од установата кое ќе содржи детални критериуми со цел почитување на правото на еднакво постапување на осудените лица без разлика во која установа ја издржуваат казната затвор.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.7.

---

Управата за извршување на санкциите веќе од 2010 година за секоја година донесува Упатство за распределба на буџетски средства поединки корисници (казнено-поправни и воспитно-поправни установи) од раздел 07002 сметка 637 Програма за изградба, реконструкција и опремување на казнено-поправните установи за тековната година на крајот на претходната година" во кое меѓудругото се предвидува Предвидените финансиски средства за капитални расходи на расходните ставки 480-купување на опрема и машини, 481-градежни објекти, 482-други градежни објекти се рапределуваат согласно приоритетите за подобрување на условите за сместување на осудените и притворените лица. Приоритетите се

утврдуваат врз основа на записници од стручно-инструкторски надзори извшени во претходната година и решенија донесени врз основа на тие записници со цел вградување на меѓунардоните стандарди, а кои се однесуваат на условите за издржување на казната затвор и извршување на мерката притвор.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.8.

---

Една од најзначајните активности на Управата за извршување на санкциите во насока на зголемување на сместувачките капацитети и подобрување на условите за престој на осудените лица е реализацијата на "Проект за реконструкција на КПУ и ВПУ во Република Македонија", кој е во тек.
Со Проектот се предвидува изградба на комплетно нови објекти во КПД Идризово со изградена површина од 43.000 метри квадратни, а сегашниот капацитет од 912 места ќе се зголеми за 1.510 лица. Ќе се изгради нов воспитно-поправниот дом Тетово со површина од 2.640 метри квадратни со капацитет од 84 малолетни лица, во затворот Скопје ќе се изградат нови објекти со површина од 12.235 метри квадратни, а вкупниот капацитет на установата ќе биде 634 осудени и притворени лица, а ќе се доврши и изградбата на затворот Куманово со објекти од вкупна површина од 5.500 метри квадратни и капацитет од 250 лица.

Реализацијата на Проектот "Реконструкција на казнено поправните установи во Република Македонија" се движи во рамките и согласно роковите договорени со Банката за развој при Советот на Европа и утврдени со физибилити извештајот.

МП – УИС во изминатиот период успешно ја реализираа подготвителната фаза на овој проект со тоа што навремено се изготвија урбанистичките проекти, како и другата проектна документација согласно Законот за градење.

На 28.05.2011 година започна изградбата на Затвор Куманово со објекти од вкупна површина од 3000 м2 и капацитет од 250 лица.

Согласно предвидениот рок се очекува градбата на КПД Идризово и ВПД Тетово да започне во мај 2012 година.

Со задолжувањето на Република Македонија пред Банката за развој на Советот на Европа од 46.000.000евра за изградба на новите капацитети во четирите установи опфатени со овој Проект, ќе се надминат проблемите со пренатрупаност во казнено-поправните установи и значително ќе се подобрат условите за престој и

9

ресоцијализација на осудените лица што претставува најзначаен чекор за оваа исклучително значајна функција.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.9.

---

Упатствата за процесот на здравствена заштита: при прием и отпуст на осудените и притворените лица, пристап до лекар, начинот на дистрибуција на лековите и терапијата, лекување во институции надвор од установата, постапката за евидентирање на случаи на насилство во установата, лекарскиот преглед и надзор во тек на издржување на дисциплинската казна упатување во самица се изготвени и ќе стапат во сила после официјалното усвојување на Стратегијата за здравствена заштита во КПУ и ВПУ од Владата на Република Македонија ( после април 2012 година). Покрај наведените области во рамки на Стратегијата за здравствена заштита изготвени се и Упатства за: минимални хигиенски и технички услови во секторот/ одделението за здравствена заштита, одржување на хигиената во КПУ и ВПУ, за постапката за лекарски преглед при штрајк со глад, издвојување и самоповредување на осудени и притворени лица. Се очекува со наведените Упатства да се олесни работата на службените лица од секторот/ одделението за здравствена заштита и да се унифицираат надлежностите на овој сектор во установите.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.10.

---

Во периодот на вршење на ревизијата, КПД Идризово поседуваше дозвола за вршење дејност издавање метадон и тоа :

- дозвола за вршење на примарна здравствена заштита со Решение од Министерство за здравство Бр. 10-9923/2 од 09.12.2008 година со кое што се утврдува дека КПД Идризово ги исполнува условите за спроведување на одредени мерки од примарната здравствена заштита за осудените лица и
- дозвола за вршење на специјалистичко–консултативна дејност – превенција и третман на злоупотреба на дроги само за лицата кои издржуваат казна затвор во установата и злоупотребуваат дрога со Решение од Сектор за секундарна здравствена заштита – Министерство за здравство Бр. 09-2939/2 од 22.03.2006 година.

Затвор Битола покажа интерес за решавање на затекнатата состојба во тек на ревизијата, се обрати до Бирото за лекови и обезбеди дозвола за вршење на дејноста издавање на метадон во соработка со Бирото за лекови.

Во тек е постапката за издавање дозвола за регистрирање на вршење дејност издавање метадон на Затвор Скопје.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.11.

---

Здравствената заштита во Затвор Тетово се обезбедува врз основа на договор со здравствена установа однадвор, додека во Затвор Прилеп има вработено службено лице во одделението за здравствена заштита - лекар по општа медицина. Затекнатите состојби во времето на вршење на ревизијата во просториите во Затвор Тетово и Затвор Прилеп не го оневозможуваат пружањето на осудените лица на потребните мерки од здравствената заштита. Осудените и притворените лица од овие установи секојдневно ги добиваат потребните здравствени мерки. Моментната состојба во овие установи ќе биде надмината со стапувањето во сила на Стратегијата и Упатствата за здравствена заштита, како и со започнувањето на спроведување на Акциониот план за подобрување на состојбите во здравствените единици во установите во рамки на реалните можности на установите.

Болничко лекување на осудените лица (доколку им е потребно) се обезбедува врз основа на претходно мислење од лекар специјалист и во соработка со затворскиот лекар од казнено-поправните установи.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.12.

---

Во однос на наведените случаи во вашиот Извештај можеме да заклучиме дека осудените лица ја добиле потребната интервенција. Немаме конкретна информација за имињата на осудените лица и здравствените потешкотии на истите. Секое упатување од страна на лекар по општа медицина не мора да значи и нужно прифаќање на првичното мислење од причини што во тек на болничко лекување се вршат додатни испитувања и се добиваат поконкретни наоди врз основа на кои се одлучува за конкретната терапија во тек на болничкото лекување која може но не мора да вклучува хируршка интервенција.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.13.

Недостатокот на медицински персонал во КПД Идризово од пред извесен период го решаваме со вклучување на млади лекари волонтери. Пенитенцијарното искуство покажува дека осудените лица пронаоѓаат начини самоволно да ја зголемат ( х пати ) дадената дневна доза на медикаментна терапија манипулирајќи со земање/ неземање на дадените дневните дози од себе или од други осудени лица, така што наведениот случај е изолиран и не е секојдневна практика во установите. Наведениот случај може да се поврзи со други фактори на влијание, од кои важни се структурата на личноста (и е неменлива), можна зависност од таблети или droги и други динамични фактори кои влијаат и придонесуваат осуденото лице свесно да одлучи да се самоповреди со земање на прекумерна доза на лекови. Во Стратегијата за здравствена заштита, поточно во Упатството за постапката за лекарски преглед при штрајк со глад, употреба на средства за присилба и самоповредување на осудени и притворени лица е регулирана надлежноста на лекарот во такви случаи. Земањето на прекумерна доза на лекови е еден вид агресија изразена кон себеси што повторно се поврзува со структурата на личноста и други динамични фактори на влијание.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.14.

Во секторот за здравствена заштита во КПД Идризово има вработен психијатар кој воедно е раководител на секторот и пружа секојдневно здравствена грижа и помош на осудените лица кои што се душевно болни. Одвојувањето во посебно одделение на осудените лица кои се душевно болни и се во акутна фаза на болеста (во случаи кога е неопходно) се врши со нивно упатување во здравствена установа надвор.

При сместувањето на секое осудено лице во соодветна просторија во установата, поединечно за секое осудено лице (индивидуализација на третман) се има во вид психофизичката состојба на осуденото лице, видот на кривичното дело и релациите на осуденото лице со другите осудени лица во просторијата во која престојува.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.15.

ЗИС и Куќниот ред на установата ги пропишуваат обврските на осудените лица на план на одржување на личната хигиената и општата хигиена во установата. Исто така, утврдени се одредени недостатоци во однос на одржувањето на хигиената во одредени установи кои се надминати со почитување на изработенот Процес и Протокол за одржување и контрола на хигиената. Во наведениот Процес и Протокол точно се дефинирани чекорите и обврските на овластените службени лица со цел за подобрување на хигиената во сите КПУ и ВПУ. Процесот започна да се имплементира во ноември 2011година.

Точка 2 – Затворски услови, потточка 2.16.

Согласно Правилникот за нормативите за подготвување на храна на осудените лица предочено е на установите дека треба да се почитуваат одредбите од Правилникот, конкретно член 4 што го регулира начинот на подготовка на менито на храна на осудените лица.
Обезбедување на здрава вода за пиење во секое време е проблем во областа каде што се наоѓа Затвор Тетово, поточно проблем на општина Тетово. Во Затворот Тетово има хидрофори со резервоари со вода кои што се користат кога нема вода од градскиот водовод.

Точка 3 – Ресоцијализација и социјална адаптација, потточка 3.1.

Со реализирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи во Република Македонија во голема мера ќе се подобрат сместувачките капацитети во казнено-поправните и воспитно-поправните установи и ќе се подобрат условите за престој на осудените лица, како и просториите за работа на службените лица во установите. Во меѓувреме, Управата за извршување на санкциите презема максимални напори за подобрување на веќе постоечките простории и нивно максимално искористување за потребите на осудените лица.

Точка 3 – Ресоцијализација и социјална адаптација, потточка 3.2.

Во делот кој се однесува на стручно усовршување на вработените лица во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, вклучувајќи ги и вработените во секторот за ресоцијализација, Управата за извршување на санкциите тргнувајќи од одредбите од Европските затворски правила и одредбите од Законот за извршување на санкциите, при крајот на 2011 година започна со континуирана обука на вработените во сите установи, а во тек е обука на службените лица од секторот за ресоцијализација со цел обезбедување ефикасна примена на новите Правилници, Упатства, како и ефикасна и правилна примена на инструментот на проценка на разик.

Точка 3 – Ресоцијализација и социјална адаптација, потточка 3.3.

Во однос на постапката за прием на осудени лица во казнено-поправните установи, ве известуваме дека постапката е стандардизирана со новите Правилници и Упатства, меѓутоа и со изготвувањето на посебен Процес за постапување при прием на осудени лица како и постапување во приемно одделение, кој веќе започна да се применува во сите установи.
Со оглед на тоа што претстои изработка на Национална стратегија за развој на затворскиот систем во Република Македонија, ве известуваме дека потребата од формирање и функционирање на посебен опсервационен центар ќе биде дел од оваа Стратегија. Имено, со Националната Стратегија ќе се направи севкупна анализа на состојбата на пенитенцијарен систем во Република Македонија, односно ќе се идентификуваат позитивните и негативните аспекти на неговото функционирање и врз основа на постоечката состојба ќе се поставаат конкретни цели и ќе се понудат реални решенија за подобрување на целокупното функционирање на затворскиот систем во Република Македонија, вклучувајќи го и делот кој се однесува на функционирање на посебен опсервационен центар.

Точка 3 – Ресоцијализација и социјална адаптација, потточка 3.4.

Во делот кој се однесува на обезбедување на образовен процес на осудените лица, Управата за извршување на санкциите ве известува дека во членот 135 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Македонија", број 2/06 и 57/10) е пропишано дека основното образование задолжително треба да се

организира во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, а Министерството за образование и наука е должно да го организира и финансира основното образование на осудените лица и тоа по предлог на Управата.

Заради непречено остварување на образовниот процес на КПУ и ВПУ, формирана е меѓуресорска работна група. Работната група е составена од членови од: Управата за извршување на санкции, Министерството за образование и наука и Центарот за образование на возрасни. Имено, заради остварување на поставените цели, Управата за извршување на санкции презема системски мерки и активности за воспоставување на ефикасен систем на континуирано одвивање на образовниот процес во КПУ и ВПУ. Динамиката на мерките и активности се предвидени во Акциониот план за реализација на основно и средно образование во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Непреченото функционирање на образовниот процес во казнено-поправните и воспитно-образовните установи е условено од обезбедување на просторни услови во установите и обезбедување на наставен кадар. Од тие причини, Управата за извршување на санкциите како надлежен орган во областа на извршувањето на санкциите е должна да обезбеди услови за спроведување на образовниот процес на осудените лица, а Министерството за образование и наука е должно да го организира и финансира образование на осудените лица. Во таа смисла, ве известуваме дека во сите казнено-поправните и воспитно-поправните установи се обезбедени просторни услови за организирање на настава на осудените лица.

Во однос на работното ангажирање на осудените лица, ве известуваме дека работата во пенитенцијарниот систем во Република Македонија се смета како право, а не како казна, односно работно ангажирани се единствено лица кои сакаат да работат со што се почитуваат одредбите од Европските затворски правила кои се однесуваат на почитување на ова право. Што се однесува на стручното усовршување, физичката активност и рекреација на осудените лица, од страна на казнено-поправните и воспитно-поправните установи се прават максимални напори за овозможување на осудените лица да го исполнат денот со квалитетни содржини, како и активности за зачувување на нивното физичко и психичко здравје.

Точка 3 – Ресоцијализација и социјална адаптација, потточка 3.5.

---

И покрај пренатрупаноста во казнено-поправните установи, Управата за извршување на санкциите ве известува дека во целост се почитуваат одредбите

кое се однесуваат на раздвојување на осудените лица кои се од различен пол, полнолетни од малолетни осудени лица, осудени лица од притворени лица, болните осудени лица од останатата осуденичка популација, а исто така има посебно одделение за осудените лица кои се странски државјани. Со изградбата на новиот Казнено-поправен дом Идризово предвидено е посебно одделение за осудени лица кои се зависници од дрога, при што оваа ранлива категорија на осудени лица ќе биде целосно издвоена од останатите осудени лица, а истовремено ќе се изврши раздвојување и на останатите ранливи категории на осудени лица.

Дел - Утврдена состојба – Точка 2

---

На крајот на 2008 година, како и на почеток на 2009 година за дел од казнено-поправните установи се обезбедија финансиски средства и се набавија специјализирани комбуња за спровод, но од тогаш наваму согласно антикризните мерки на Владата на Република Македонија не се набавуваат, но од агенцијата за управување со одземени предмети постојано се бараат возила за да им се отстапи на казнено-поправнитеустанови, со што делумно се задоволуваат потребите на овој начин.
Секоја година со доставување на предлог буџетската пресметка до Министерството за финансии, Управата за извршување на санкциите доставува барање за одобрување на финансиски средства за набавка на униформи за припадниците на секторот за обезбедување, како и посебна опрема елеци, палки, лисици и сл, но истите не се одобруваат.

По донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите (Сл.весник бр.57 од 26.04.2010 година), Управата за извршување на санкциите до сите казнено-поправни установи достави укажување постоечките куќни редови на установите да ги усогласат согласно овие измени и дополнувања.
По добивањето на куќните редови беше утврдено дека определени одредби различно се регулирани во различни установи и дека постои невоедначено регулирање на определени одредби за постапување со осудените лица.
Од тие причини, а во насока на почитување и обезбедување на правото на еднакво постапување со осудените лица во сите казнено - поправни установи беше формирана посебна работна група и изработен е единствен унифициран Куќен ред за сите казнено-поправни.

Овој Куќен ред е потпишан од сите директори на казнено-поправните установи, одобрен е од Директорот на УИС, стапи во сила во јануари 2012 година и веќе е во примена во сите казнено-поправни установи.

Овој Куќен ред, меѓудругото, содржи точно дефинирани критериуми посебно во делот на условите под кои можат осудените лица да користат погодности, точно дефинирана дисциплинска постапка и други критериуми значајни за издржувањето на казната затвор на осудените лица.

ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА
ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ
Лидија Гаврилоска

Датум
22.02.2012 година

17